РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-330/2
04-09-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по основ на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2022 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-та седница одржана на ден 31.08.2023 година ја донесе следнава

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр. 08-5546/1 од 02.06.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по наведениот предмет.

Предметот со број 08-5546/1 од 02.06.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

### *Образложение*

Предметот со број 08-5546/1 од 02.06.2022 година е оформен основ на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2022 година за проверка на податоците од анкетниот лист на ___________, директор на ЈЗУ ______________.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на ___________, директор на ЈЗУ ___________ и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на _________, директор на ЈЗУ ___________, ДКСК констатира дека податоците во поднесениот анкетен лист се совпаѓаат со прибавените податоците од конкретните институции.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р Антонија А. Тасевска, советник
Одобрил: Нури Бајрами, член

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска